# Договор бр._______

За деловна соработка помеѓу :

1.**Давател на услуга**: Карго Експрес дооел од Битола со адреса на ул.Солунска бр.192 ,со ЕМБС 5859786 и ЕДБ МК4002004161197,емаил info@kargoekspres.mk застапувано од управителот Биљана Глумац од Битола во понатамошен текст **Карго Експрес** и

2.**Корисник на услуга** : ____________________________________________ со седиште на ул. __________________________________________ бр.____________ ,во град ____________________, со ЕМБС _____________________ , со ЕДБ _______________________________ застапувано од Управителот ___________________________________________________ од _______________________________________.

Адреси за праќање на фактури и известувања на корисникот
1,ул. ____________________________________________________________________,
со е-маил: _______________________________________________, Контакт телефон ____________________.

Договорот се уредува со следните членови :

**Член 1** Карго Експрес се обврзува дека при извршувањето на услугите прием ,превоз и достава на пратки за потребите на корисникот ќе ги почитува општите услови кои важат во моментот кога се вршат услугите.Извршените услуги ќе се наплаќаат според **Ценовникот кој важи во време на извршување на услугата .**

Член 2 Карго Експрес ги превзема следните обврски :

- Пратката да биде испорачана во иста физичка и бројна состојба во која била при приемот
- Пратката да биде навремено испорачана
- Да ги почитува условите кои ги навел праќачот за Откуп,Повратница,Време на испорака
- Да го почитува Законот за пошти на РМ

**Член 3** За губење или оштетување на пратка, Карго Експрес одговара за обештетување на Корисникот:
- За пратка без пријавена вредност т.е.неосигурена , најмногу до 15 пати по вредноста на основната услугата на пратката (доколку не е договорено друго),
-За пратка за која Корисникот на Превозницата ја означил нејзината вредност, т.е ја осигурил пратката Давателот на услугите одговара за обештетување на Клиентот до 60000,оо денари(шеесет илјади денари) по штетен настан., (доколку не е договорено друго),
Барањето за надомест на штета се поднесува во писмена форма на маил.Во барањето Корисникот односно друго овластено лице има обврска да ги наведе фактите и приложи документите на кои го засновува предметното барање, докази со кои се потврдуваат .

**Член 4** Карго Експрес за извршените услуги на корисникот ќе му изготвува фактура .Фактурата ќе биде за извршени услуги на месечно ниво,но заради голем број на податоци и потребното време за нивно ажурирање можно е некои услуги да бидат фактурирани надвор од периодот за кој се однесува фактурата.По барање на корисникот Карго Експрес има обврска да му достави и извештај за извршените услуги кои му се фактурирани.Кога вкупниот износ за извршени услуги во текот на еден месец е помал од 800 денари Карго Експрес во фактурата ќе фактурира манипулативни трошоци во износ од 40 денари.

**Член 5** Врз основа на Одобрение од УЈП за користење на скениран потпис и печат на фактурите ,Карго Експрес има право фактура за извршените услуги да испрати на емаил адресата која е наведена од страна на корисникот. Сите фактури,известувања или опомени кои ќе бидат испратени преку емаил ќе се сметаат како уредно доставени на датумот на кој е пратен емаилот.

**Член 6** Корисникот има обврска да ги почитува Општите услови на Карго Експрес.Корисникот превзема обврска сите фактури,известувања,опомени кои ќе му бидат испратени на емаил да ги користи како оригинални документи.

**Член 7** Корисникот при Праќање на пратки и нарачка за Подигање на пратка има обврска да го извести Карго Експрес која пратка нема да биде на негова сметка. Во спротивно Карго Експрес ќе фактурира кај него. Документите за пратени и примени пратки Корисникот е должен да ги чува бидејќи Карго Експрес нема обврска со фактурата да му ги доставува повторно.

**Член 8** Во согласност со Законот за финансиска дисциплина Корисникот превзема обврска да го плати долгот по издадени фактури во рок до **30** дена од датумот на издавање на фактурата.За наплата на фактурите со помината валута Карго Експрес користи услуги на Агенција за наплата.

**Член 9** До колку Корисникот не го почитува Член 8 Карго Експрес има право :

- Да во наредната фактура не му одобри попуст,иако Корисникот има остварено
- Да не му дозволи на Корисникот понатамошно плаќање на фактура
- Да стопира испорака на пратка од или за Корисникот
- Да му ги фактурира на Корисникот направените трошоци за наплата на фактурите
- Да му пресмета и фактурира законска затезна камата
- Да побара надоместок заради доцнење со плаќање во износ од 3000 ден.согласно Член 8 од Законот за финансиска дисциплина
- Да поведе постапка за присилна наплата на побарувањата

**Член 10** Во прилог на овој договор на Корисникот му се предаваат тековниот Ценовник и Општи услови на Карго Експрес.

Двете страни се обврзуваат дека навремено по писмен пат ќе се известуваат за било какви промени кои можат да влијаат на овој Договор.

**Член 11** Во случај на промена на горенаведените податоци или започнување на постапка за Стечај или Ликвидација Законските застапници на двете страни во договорот имаат обврска во рок од 2 дена да ја известат другата договорна страна за настанатите промени или започнати постапки. Известувањата да бидата во писмена форма или на емаил адресите кои се наведени.

**Член 12** Секоја договорна страна со писмено известување има право еднострано да го раскине овој договор,но со обврска да ги подмири обврските кон другата договорна страна кои настанале до денот на раскинувањето на договорот.

**Член 13** Овој договор е составен во два еднакви примероци по еден за секоја договорна страна .

**Член 14** Во случај на спор надлежен е Основен суд во Битола.

Битола ____________________ год.

За Карго Експрес Управител　　　　　　　　За Корисник Овластено лице

Биљана Глумац　　　　　　Име и презиме_______________________________________

Потпис__________________________________________